Australian Government | Be Connected
Every Australian online.

# Користење на пребарувачи

**Програмите за пребарување - пребарувачите (search engines) ви овозможуваат лесно да најдете секакви видови информации.**

## Полза од користењето на пребарувачи



Google, Yahoo и Bing

Пребарувачите ви помагаат да го најдете тоа што го барате на интернет.

- Има многу пребарувачи, вклучувајќи ги Google, Yahoo и Bing.
- За да почнете пребарување, во квадратот Search впишете за што сакате да дознаете повеќе и кликнете на лупата (magnifying glass).
- Ако барате реченица, ставете ја во “наводници” (користете го знакот со две запирки), инаку пребарувањето ќе биде за поединечни зборови.
- Резултатот на вашето пребарување ќе биде претставен како листа. На врвот на листата може да има реклами или спонзорирани врски (links), пред да се појават резултати за тоа што го барате.
- Ако направите грешка при пишувањето, пребарувачот сепак ќе се обиде да го најде тоа што го барате.

## Користење на адреси на интернет страници и обележувачи

Ако веќе ја знаете адресата на интернет страницата што сакате да ја посетите, не ви треба пребарувач.

1. Во правоаголникот **Address** на програмата за прелистување - прелистувачот впишете ја интернет адресата. Правоаголникот е во горниот дел на прозорецот на прелистувачот. Кликнете внатре во правоаголникот.
2. Не морате да впишете **http://** на почетокот на адресата. Прелистувачот ќе го стори тоа наместо вас.

Олеснете го враќањето на некоја интернет страница со користење на командите Bookmarks или Favourites.

- **Bookmarks** и **Favourites** се имињата кои за истата функција ги користат различни интернет прелистувачи.

# Користење на пребарувачи

- Bookmarks и Favourites се команди за директно поврзување (shortcut) со некоја интернет страница.
- На Windows компјутер, обележувач **(bookmark)** меморирате со кликнување на ѕвездичката на **Address bar** (правоаголникот за адреса) на прелистувачот и потврдувајќи го името и локацијата.




**Меморирајте обележувач кликнувајќи на ѕвездичката**

## Пребарување на интернет страници

Голем број интернет страници имаат свои команди за пребарување, за да ви помогнат да најдете информации во тие страници.

- Побарајте го квадратчето со лупа (magnifying glass) близу врвот на интернет страницата.
- Впишете ја информацијата и кликнете на лупата.
- Пребарувањето ќе биде само во таа интернет страница.
- Нема опција да бидат прикажани само слики.
- При пребарувањето на слики, грешките при пишување обично помалку се толерираат.

## Меморирање на слики и документи симнати од интернет

Понекогаш може да сакате да меморирате обрасци (forms), документи или слики симнати од интернет. Тоа се вика симнување (downloading).

- Повеќето документи, слики и други форми на комуницирање се со заштитени авторски права (copyright). Нивното користење е нелегално без дозвола на сопственикот на интернет страницата.
- Мнозинството слики на интернет се во JPG формат
- Голем број документи се во преносен формат за документи (Portable Document Format или PDF). Вашиот компјутер веројатно веќе ја има програмата Adobe Reader за читање на тие документи. Ако ја нема, може да ја преземете од интернет страницата на Adobe.
- Ако имате дозвола, може да ги преземете тие и други документи.
- За да ги преземете, со десното копче на глувчето кликнете на документот.
- Ако се работи за слика, кликнете на командата Save image as. Инаку кликнете на Save link as.




**Преносен формат за документи**